СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр. 4-1**

**ПРЕДЛОГ**

# М И С Л Е Њ Е

## за извештаите на извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година

**Битола, 2023 година**

# **М И С Л Е Њ Е**

Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Стопанска Банка а.д. Битола за годината што завршува на 31 декември 2022 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените на капиталот, Извештај за паричните текови и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Методологијата од Народна банка на Република Северна Македонија и на финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Ревизијата на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, Методологијата од Народна банка на Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

Надзорниот одбор на Банката на својата 5 редовна седница одржана на 27.3.2023 година ги разгледа нацрт финансиските извештаи и Извештајот со Мислењето на независниот ревизор „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и смета дека истиот е сеопфатен и ја прикажува финансиската состојба на Банката.

Надзорниот одбор на Банката оцени дека финансиските извештаи за работењето на Банката во 2022 година се потврдени од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и ги прифаќаат финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори до раководството и акционерите на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, Надзорниот одбор на Банката предлага Собранието да ги усвои финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори со Мислењето, изготвен од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје, за финансиската состојба на Банката за 2022 година.

**НО бр. 02-4603/1/II.2-2-1**
**Битола,27.3.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Надзорен одбор**
**Претседател**
**м-р Миле Зечевиќ**